РЕПУБЛ... МАКЕДОНИЈА
О... РЕСЕН
Бр. 18-628/8
24.06 2024 год.

# Б- ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА

**ДТПУ МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз – извоз Битола**

**Ул. "Д. И. Мурато" бр. 12-1/1**
**7000 Битола**

**Концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Краста", с. Илино, Општина Ресен**

Број на дозвола

18-628/8

24.06.2024 година

# Содржина

Б- интегрирана еколошка дозвола....................1
Содржина....................2
Вовед....................3
Дозвола....................7
1. Инсталација за која се издава дозволата....................8
2. Работа на инсталацијата....................13
2.1 Техники на управување и контрола....................13
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)....................15
2.3 Ракување и складирање на отпадот....................16
2.4 Преработка и одлагање на отпад....................18
2.5 Спречување и контрола на хаварии....................20
2.6 Мониторинг....................21
2.7 Престанок со работа....................21
2.8 Инсталации со повеќе оператори....................22
3. Документација....................23
4. Редовни извештаи....................24
5. Известувања....................25
6. Емисии....................26
6.1 Емисии во воздух....................26
6.2 Емисии во почва....................29
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)....................30
6.4 Емисии во канализација....................31
6.5 Емисии на топлина....................33
6.6 Емисии на бучава и вибрации....................34
7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води....................35
8. Програма за подобрување....................36
9. Договор за промени во пишана форма....................37
Додаток 1....................38
Додаток 2....................39

# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) за работа на инсталацијата што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава Интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план, до одобреното ниво во дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

ДТПУ МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз- извоз Битола има склучено Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Краста", с. Илино, Општина Ресен, (Договор бр. 24-4043/1 од 16.06.2015 година), со Владата на РМ за период од 30 (триесет) години. Површината на просторот на концесијата за експлоатација изнесува P=0.201352 км². Експлоатацијата на минералната суровина – варовник ќе се врши на дел од КП број 52/1 во КО Болно, имотен лист број 13, односно на површината определена со Главниот рударски проект.

Локалитетот „Краста" се наоѓа на околу 20 км југозападно од градот Ресен, во атарот на селото Илино, односно северно и северозападно од селото на стрмно возвишение на 1.220 метри надморска висина. Локалитетот "Краста", с. Илино, Ресен има добри комуникациски врски. Во непосредна близина поминува регионалниот пат Битола- Ресен- Охрид.

Системот на површинска експлоатација на минералната суровина – варовник се заснова врз методата на дис – континуираната технологија со примена на дупчачко – минерските работи, товарење со хидраулични багери, транспорт на варовникот до постројката за дробење и сепарирање.

ДТПУ МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз – извоз Битола, во локалитетот "Краста" има 20 вработени кои работаат во една смена од пролет до есен. Операторот има воведено ISO 14001:2015, ISO 9001:2015, ISO 45001:2018.

ДТПУ МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз – извоз Битола во моментот на доставување на Барање за Б- интегрирана еколошка дозвола не извршува работни активности. Операторот не извести дека каменоломот ја извршува дејноста согласно побарувачката на пазарот која што во последните години изостанува.

**Операторот е должен веднаш по отпочнување со работа да го извести Надлежниот орган за тоа.**

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Б-ИСКЗ | УП-I-18-21 | 21.03.2017 |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Нема | | |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, Ве молиме наведете го бројот на дозволата.

За било каква комуникација контактирајте го Надлежниот орган на адреса Плоштад „Цар Самоил" бр. 20, 7310 Ресен, Република Северна Македонија.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина член 55 став 2 точка 4. Операторот ќе ја наведе причината која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управите со отпад за лицето задолжено за таа активност.

# Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање бр. 18-628/1 | 04.03.2024 | Барањето е некомплетно |
| Известување за дополнување на Барање Бр. 18-628/2 | 12.03.2024 | |
| Дополнување на Барање (платен надоместок за поднесување на Барање за добивање на Б-ИСКЗ) | 13.03.2024 | |
| Барање за комплетирање на Барање бр.18-628/3 | 28.03.2024 | Барањето е некомплетно |
| Доставување на информации за комплетирање на Барањето бр.18- 628/4 | 19.04.2024 | Барањето е комплетно |
| Известување за посета Бр. 18-628/5 | 22.05.2024 | |
| Извештај од извршената посета Бр. 18-628/6 | 04.06.2024 | Извршен е увид во инсталацијата |
| Решение за издавање Б – ИСКЗ Бр.18-628/7 | 24.06.2024 | |
| Б – ИСКЗ Бр. 18-628/8 | 24.06.2024 | |
| Решение за надоместок Бр. 18-628/9 | 24.06.2024 | |

Дозвола

Закон за животна средина

# Дозвола

## 18-628/8

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), го овластува

**ДТПУ МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз – извоз Битола**

со регистрирано седиште на
**ул. "Димитар Илиевски Мурато" бр. 12-1/1 7000 Битола**
**Број на регистрација на компанијата 5717922**

да раководи со

**инсталацијата за експлоатација на минерална суровина - варовник**

на локалитетот

**"Краста", с. Илино, Општина Ресен**

во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис

***Градоначалник на Општина Ресен***
***Јован Тозиевски***

Датум

**24.06.2024**

# Услови

## 1. Инсталација за која се издава дозволата

1.1. Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1

| **Табела 1.1** | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од УРЕДБА за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Прилог 2<br>3. Индустрија на минерали<br>3.2 Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини доколку не се опфатени со Прилог 1 од оваа Уредба | Експлоатација на минерална суровина - варовник | Проектиран капацитет 150 000 тони/годишно |

1.2 Активностите овластени во условите 1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот (Табела 1.2).

| Табела 1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| Извод од катастарски план бр. 1106-1197/2016 од 02.10.2016 | Барање за добивање Б - ИСКЗ |

**ДТПУ МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз – извоз Битола**

Концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот "Краста", с. Илино, Општина Ресен

Одделение за катастар на недвижности Ресен

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1106-1197/2015 од 02.10.2015 22:34:03

Податоци за сертификатот на АКН на Р. Македонија
Издаден на: Elektronski Šalter
Издавач: KIBS Certificate Services CA
Сериски број: ae 3b 24 7c

1106-1197/2015

## ИЗВОД ОД КАТАСТАРСКИ ПЛАН

Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

| | |
|---|---|
| Размер на планот | 1 : 5040 |
| Катастарска општина | 4 БОЛНО |
| Катастарска парцела | 52/1 |



Овластено лице

М.П. Дистрибутивен систем на АКН

(име, презиме и потпис)

**Општина Ресен** Дозвола бр. 16-626/6

Датум на издавање на Дозволата 24.06.2024

Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Краста с.Илино-Ресен

Минерална суровина: Варовник

Површина = 0.201352 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7496830 | 4556870 |
| 2 | 7496800 | 4556750 |
| 3 | 7496380 | 4556773 |
| 4 | 7496432 | 4556574 |
| 5 | 7496750 | 4556430 |
| 6 | 7497000 | 4556318 |
| 7 | 7497000 | 4556750 |
| 8 | 7496958 | 4556870 |

1.3 Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во Барањето, без претходно писмено одобрение од Надлежниот орган.

1.4. Инсталацијата за која се издава дозволата ќе ги исполни сите услови наведени во дозволата согласно пропишаните рокови од страна на надлежниот орган. Сите мерки, планови и програми кои треба да се извршат според условите во дозволата стануваат составен дел од оваа дозвола.

1.5. Оваа дозвола е само за потребите на Интегрираното спречување и контрола на загадувањето според Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Службен весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) и ништо во оваа дозвола не го ослободува операторот за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

1.6. Надлежниот орган е должен, редовно, секои седум години да ги провери условите утврдени со дозволата и доколку е потребно истите да ги промени.

1.7. Операторот поднесува барање за обновување на Б - интегрираната еколошка дозвола до надлежниот орган најдоцна една година пред истекот на временскиот период даден во точка 1.6.

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1. Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како е опишано во барањето за добивање на дозвола, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2. Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со инсталацијата за која се издава дозволата ќе бида одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.3. Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен.

2.1.4. Операторот има назначено лице за прашања од животната средина кое е соодветно обучено, а ќе врши обука на останатиот персонал. Со отпочнување на работните активности, Операторот, до Надлежниот орган ќе достави информација за лицето назначено за прашања од областа на животната средина.

2.1.5. Операторот писмено ќе го извести Надлежниот орган при промена на лицето одговорно за прашањата за животна средина ако тоа евентуално се случи.

2.1.6. Операторот при управување со инсталацијата во континуитет ќе ги одржува воспоставените стандарди и ќе води грижа за намалување на влијанието врз животната средина.

2.1.7. Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се вклучени во Дозволата ќе бидат во секое време достапни за секој вработен кој ја извршува работата која е поврзана со условите во Дозволата.

2.1.8. Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука за сите вработени, чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од обуките.

2.1.9. Операторот ќе воспостави програма за комуникација со јавноста за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата со животната средина од Операторот во секое време.

2.1.10. Операторот е должен за спроведување на програмата за подобрување, мониторинг на системите за намалување на емисиите, тековна проценка на еколошките перформанси на инсталацијата, спроведување на мерки за подобрување на процесот, да развие процедура за комуникација со Надлежниот орган.

2.1.11. Операторот ќе подготви распоред на целите и задачите за животна средина. Распоредот, како минимум ќе обезбеди преглед на сите операции и процеси, вклучувајќи и проценка на практичните опции за ефикасност на енергијата

и другите ресурси, употреба на почиста технологија, почисто производство и превенција, потоа спречување, редукција и минимизирање на отпадот, како и

вклучување на цели за намалување на отпадот. Распоредот ќе вклучува временски рамки за достигнувањето на поставените цели и ќе се однесува на период од минимум 5 (пет) години. Распоредот ќе се разгледува годишно на секои 12 месеци и сите измени треба да се пријават кај Надлежниот орган за нивно одобрение, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС).

2.1.12. Операторот ќе му достави на Надлежниот орган програма за управување со животната средина (ПУЖС) за одобрување, во која што ќе биде вклучена и временска рамка за остварување на целите и задачите за животната средина. По одобрување на програмата, Операторот треба истата да ја постави и да ја одржува. Таа ќе содржи:

- Распределба на одговорностите за задачите;
- Средства со кои тие може да се остварат;
- Време во кое тие може да се достигнат.

ПУЖС ќе се разгледува еднаш годишно на секои 12 месеци и соодветните дополнувања ќе се доставуваат до Надлежниот орган за одобрение, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС).
Како дел од ГИЖС, операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето ма договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7 (седум) години и ќе се достапни за овластениот општински инспектор за животна средина од Надлежниот орган.

2.1.13. Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема, која ќе има ефект врз состојбата со животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Соодветни записи и дијагностички тестирања за опремата треба да се чуваат за да послужат како поддршка на програмата за одржување. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветниот персонал.

2.1.14. Операторот ќе воспостави и одржува програма за да се обезбеди дека постои соодветна контрола на процесот во разни модули од работењето.
Програмата ќе ги идентификува клучните индикативни параметри за контрола на функционирање на процесот, како и методи за идентификација за мерење и контролирање на овие параметри. Секое отстапување од нормалните услови во кои што се одвива процесот ќе се документира и анализира за да се идентификува соодветна корективна активност.

2.1.15. Операторот има имплементирано ISO 14001:2015 (систем за управување со животната средина) сертификат бр. 44 104 17 43 0004 со важност до 16.02.2026 година, истиот ќе го применува во инсталацијата за која се издава оваа дозвола и ќе ги почитува и спроведува обврските кои произлегуваат од овој стандард.

2.1.16. Операторот има имплементирано ISO 9001:2015 (систем за управување со квалитет) сертификат бр. 44 100 17 43 0004 со важност до 16.02.2026 година, истиот ќе го применува во инсталацијата за која се издава оваа дозвола и ќе ги почитува и спроведува обврските кои произлегуваат од овој стандард.

2.1.17. Операторот има имплементирано ISO 45001:2018 (систем за управување со здравје и безбедност при работа) сертификат бр. 44 126 20 32 0022 со важност до

16.02.2026 година, истиот ќе го применува во инсталацијата за која се издава оваа дозвола и ќе ги почитува и спроведува обврските кои произлегуваат од овој стандард.

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (влучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежен орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1: Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје IV | Дополнување на Барањето за добивање Б – ИСКЗ | 19.04.2024 |

2.2.2 Операторот ќе ги чува суровините во посебни складишта или покриени и затворени простори за чување, со соодветен температурен режим и влажност.

2.2.3 Операторот ќе ги оддели суровините кои во меѓусебен контакт или во контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштата.

2.2.4 Ракувањето со суровините ќе се извршува според упатствата и препораките од производителот и упатството за безбедно ракување со материјалите.

2.2.5 Транспортниот систем треба да биде контролиран и инспектиран регуларно, со што не би имало растурање/дисперзија на материјалот. Операторот треба да ги евидентира сите недоследности и записите од истите да ги чува.

2.2.6 Во опфатот на локацијата не се складираат опасни супстанции или истите времено се наоѓаат во минимални - ограничени количества кои треба да обезбедат тековна и безбедна работа на постројката:
- доколку механизацијата располага со дополнителна опрема за која е потребна поголема количина на гориво или за потребите на дизел агрегатот, истото ќе биде складирано во резервоарите на опремата или во садови за складирање на гориво. Истото се однесува и за маслата за потребите на постројките и опремата.

2.2.7 Во фаза на експлоатацијата нема да има користење на подземни и површински води, како и испуштање на отпадни води во реципиент или подземни води, односно такви активности на концесиското поле нема да се извршуваат.

2.2.8 Операторот поднесе Барање до МЖСПП за добивање на Водостопанска согласност, при што од МЖСПП доби одговор дека

не е потребно издавање на Водостопанска согласност, Дозвола за користење на површински и подземни води и Дозвола за испуштање на отпадни води, согласно Дозвола за експлоатација (бр. 24-6469/2 од 03.11.2015 година.точка 7

2.2.9 Доколку во иднина се јави потреба од зафаќање на вода за било која намена за потребите на површинскиот коп во рамките на концесиското поле, согласно Законот за води потребно е да се прибави Дозвола за користење на вода од подземни или површински водни тела и за тоа веднаш да се извести Надлежниот орган.

2.2.10 Доколку при експлоатација на минералната суровина и други активности на ископување на земјиштето на концесиското поле се појави подземна вода која дотекува во експлоатационото поле треба веднаш да се прекине со ископот на материјалот и да се превземат сите неопходни мерки за заштита на водите од загадување и за тоа веднаш да се извести Надлежниот орган.

2.2.11 Со запазување на проектираните техничко – технолошки параметри на системот на површинската експлоатација, се анулираат сите опасности кои можат негативно да влијаат врз подземните и површинските води.

2.2.12 За снабдување со технолошка и санитарна вода за потребите на работниците поставена ќе биде цистерна за вода со зафатнина од 4000 литри. Цистерната со технолошка вода ќе се полни од РЕК „Битола“ бидејќи најголемиот дел од работата е на таа локација и истата цистерна се користи и на локацијата на каменоломот.

2.2.13 Вода за пиење за вработените ќе се обезбедува од комерцијални извори односно ќе се користи пакувана вода.

2.2.14 Снабдувањето со гориво на целокупната механизација и генераторот ќе се врши со цистерна од овластена компанија. Преточувањето на горивото од автоцистерните во механизацијата и агрегатот за електрична енергија се изведува на паркинг простор со преземање на сигурносни мерки за безбедно точење со што се избегнува излевање на нафта на тлото. Обезбедени се абсорбенси како дрвени струготини кои не дозволуваат продор на горивото во подземните води.

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Отпадот, согласно условите од дозволата ,ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.3.1: Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Отпад од кршење и сечење на камен | Поглавје V, Барање за добивање Б – ИСКЗ | 04.03.2024 |
| Отпад од мобилни тоалети | Поглавје V, Дополнување на Барање за добивање Б – ИСКЗ | 19.04.2024 |
| Комунален отпад | Поглавје V, Барање за добивање Б – ИСКЗ | 04.03.2024 |
| Отпадно моторно масло | Поглавје V, Барање за добивање Б – ИСКЗ | 04.03.2024 |
| Гуми од возила | Поглавје V, Барање за добивање Б – ИСКЗ | 04.03.2024 |
| Акумулатори | Поглавје V, Барање за добивање Б – ИСКЗ | 04.03.2024 |

2.3.2 Отпадот ќе се складира на посебно определени места, соодветно заштитени од прелевање и истекување на течностите. Отпадот да биде јасно означен и соодветно одделен.

2.3.3 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамките на работните процедури, операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминација на изворот на отпад.

2.3.4 Операторот со отпадот ќе постапува соодветно и на начин со кој ќе нема да се дозволи: загадување на животната средина, водата, воздухот и почвата.

2.3.5 Операторот е должен со отпадот да постапува на следниот начин: да го селектира, да го класифицира, да го предаде на правно или физичко лице, овластено за собирање, транспорт, преработка, отстранување и/или извезување на истиот.

2.3.6 Со отпочнување на работни активности, Операторот е должен, согласно Законот за животна средина да достави Договори склучени со овластени постапувачи на отпад.

| Tabela 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Отпад од кршење и сечење на камен | Времено во круг на инсталацијата | | |
| Отпад од мобилни тоалети | Во круг на инсталацијата | Со цистерна се врши празнење на мобилните тоалети | „ГРИН ТИМ" ДОО Битола |
| Комунален отпад | Во круг на инсталацијата | Посебен сад (контењер) | До превземање од ЈКП "Пролетер" Ресен |
| Отпадно моторно масло | Во круг на инсталацијата | Посебни садови (буриња) | До превземање од "ФПМ МИНОЛ" ДООЕЛ Штип |
| Гуми од возила | Во круг на инсталацијата | На бетонска подлога | До превземање од овластена компанија |
| Акумулатори | Во круг на инсталацијата | На бетонска подлога | До превземање од "МИКОМП" ДООЕЛ Прилеп |
| Отпадна хартија и картон | Во круг на инсталацијата | Посебен сад (контењер) | До превземање од "МИКОМП" ДООЕЛ Прилеп |

Забелешка: Во последните години на инсталацијата не се извршувала работа и од тие причини нема создавање на отпад.

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган.

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

2.4.3 Отпадот во гланиците на локацијата ќе биде времено складиран најмногу до 6 месеци од денот на неговото складирање.

2.4.4 За собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад операторот поседува Договор склучен со овластено претпријатие за управување со отпад како давател на услугата.

2.4.5 За собирање на отпадните масла операторот поседува Договор склучен со овластена компанија.

2.4.6 За собирање на отпадната хартија и картон операторот поседува Договор склучен со овластена компанија.

2.4.7 За собирање на гуми и акумулатори операторот поседува Договор склучен со овластена компанија.

2.4.8 Се забранува истурање, фрлање горење или согорување на опасниот отпад.

2.4.9 Се забранува мешање на опасниот отпад со друг вид на опасен отпад, како и мешање со друг вид неопасен отпад.

2.4.10 За предавањето на било кој вид на отпад на овластени откупувачи Операторот е должен да поседува соодветен документ (склучен договор, документ за плаќање или друг документ со кој се докажува предавањето или откупувањето на отпадот).

2.4.11 Во границите на инсталацијата нема да се вршат поправки и сервисирање на возила и машни, нема да се создава отпад од минерално нехлорирано масло за подмачкување на сопствените возила и отпадни оловни акумулатори, туку сервисирањето на возилата се врши во сервис кој е во сопственост на компанијата и истиот е лоциран во Битола. На локалитетот Краста може да се вршат само привремени и мали интервенции, поради што операторот има склучено Договор со овластени компании за собирање на тие видови отпад. Доколку би се создало отпадно масло, истото ќе се чува во метални буриња во посебен магацин се до негово предавање на овластена компанија.

2.4.12 Се забранува одлагање на било каков отпад на несоодветни места и во несоодветни садови, во и надвор од кругот на инсталацијата.

2.4.13 Операторот, согласно Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад („Службен весник на РМ" бр. 7/06, 68/14) е должен да пополнува Идентификационен формулар за отпад.

2.4.14 Операторот, согласно Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад ("Службен весник на РМ" бр. 7/06, 68/14) е должен да пополнува транспортен формулар за отпад.

2.4.15 За зафаќање на отпадните и фекалните води од инфраструктурните објекти предвидена е изградба на септичка јама, димензионирана согласно важечките прописи и стандарди, септичката јама ќе биде двокоморна, целосно вкопана во земја, армирано бетонска и водонепропусна, исталожените и пливачките материи ќе се одвезуваат по потреба од страна на овластена компанија за постапување со отпад со која операторот ќе склучи Договор. Во моментот кога истото ќе се направи, веднаш да се извести Надлежниот орган. До изградба на септичката јама на самата локација ќе се користат мобилни тоалети.

| Табела 2.4.1: Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Во инсталацијата нема да се вршат операции за преработка на отпадот | | |

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.5.1: Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Додаток XIII | Дополнување на Барањето за добивање на Б-ИСКЗ | 19.04.2024 |

2.5.2 Во случај на несреќа Операторот веднаш треба да:

- го изолира изворот на било какви емисии,

- спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија,

- го процени загадувањето на животната средина, предизвикано од инцидентот.

- да идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите и ефектите кои следуваат.

- го забележи датумот и местото на несреќата,

- го извести Надлежниот орган и другите релевантни институции.

2.5.3 Во случај на хаварија на некоја од од машините во процесот на експлоатација на минералната суровина, местото треба да биде обезбедено, локализирано и заштитено од истекување на горива и масла во најкраток можен рок.

2.5.4 Во опфатот на инсталацијата не се складираат опасни супстанции или истите времено се наоѓаат на истата во минимални- ограничени количества кои треба да обезбедат тековна и безбедна работа на постројката.

## 2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува, мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.6.1: Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Мониторинг на суспендирани честици со големина од десет микрометри (PM 10) | Барање за добивање Б- ИСКЗ | 04.03.2024 |
| Мерење на бучава | Барање за добивање Б - ИСКЗ | 04.03.2024 |
| Мерење на вибрации | Барање за добивање Б - ИСКЗ | 04.03.2024 |

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

а) безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен акон не е поинаку наведено во Додатокот.

б) безбеден пристап до други точки на земање примероци/ мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ISO стандардите.

## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| **Табела 2.11.1: Престанок со работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Додаток XIV | Барање за добивање Б - ИСКЗ | 04.03.2024 |

## 2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава дозволата управува само еден оператор, и

2.8.2 Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2 од оваа дозвола.

# 3 Документација

3.8.1 Документацијата ќе содржи податоци за:

а) секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи и краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат сочувани во дневник воден за таа цел.

б) целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.8.2 Документацијата од 3.1.2 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.8.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.8.4 Специфицираните и другите документи треба:

а) да бидат читливи;

б) да бидат направени што е можно побрзо;

в) да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.8.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.8.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата за:

а) Составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

б) најдобра проценка на количината создаден отпад;

в) трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и

г) најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.8.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 4 Редовни извештаи

4.8.1 Сите извештаи и известување што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.8.2 Операторот, во време на поднесување на Барање за продолжување на Б-ИСКЗ не извршува работа на инсталацијата. Со отпочнување со работни активности, Операторот ќе испраќа редовни извештаи до Надлежниот орган.

4.8.3 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2:

а) во однос на наведените емисиони точки;

б) за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

в) давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

г) испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од:

- 14 дена после извршеното мерење на концентрацијата на суспендираните честички со големина од десет микрометри (PM 10), односно секоја година, по отпочнување на работните активности;

- 14 дена после извршеното мерење на бучавата односно на секои две години, по отпочнување на работните активности;

- 14 дена после извршеното мерење на вибрациите односно на секои две години, по отпочнување на работните активности.

# 5 Известувања

5.8.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

а) кога ќе забележи емисија на некоја супстанција кога го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б) кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

в) кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката и техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

г) било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.8.2 Операторот ќе даде писмено известување што можно побрзо, за секое од следниве:

а) перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

б) престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

в) повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот на известување според 5.1.3 (б).

5.8.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

а) било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адредата на регистрирана канцеларија;

б) промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

в) за активности кога операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела. Според (мапата број)

| Табела 6.1.1: Емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| | | |
| | | |

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметарот (рите) и точката (ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодетниот временски период.

6.1.3 Временските периоди од 6.1.2 соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување во поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела.

6.1.5 Фугитивните емисии во воздух ќе се следат.

6.1.6 Операторот ќе врши редовно прскање со вода при процесот на копање и товарење, односно при транспорт по неасфалтираниот пат.

6.1.7 Операторот нема да ги надминува граничните вредности дадени во Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (“Службен весник на РМ” бр. 50/05)

6.1.8 Согласно член 47 став 1 од Законот за квалитет на амбиентен воздух („Службен весник на РМ” бр. 67/2004, 92/2007, 83/2009, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13, 10/15, 146/15), правните и физичките лица

сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени со државната и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат систем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух како и да постават во најблиската станбена зона која се наоѓа во правецот на ветерот најмалку една мерна станица за квалитетот на амбиентниот воздух согласно со интегрираната еколошка дозвола.

6.1.9 Граничната вредност за нивоа на концентрации на суспендирани честички со големина од десет микрометри (PM 10 ) во амбиентен воздух согласно Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели ("Службен весник на РМ" бр. 50/05) изнесува 50 µg/m3 и не треба да се надминува.

6.1.10 Се задолжува операторот еднаш годишно да врши мерење на концентацијата на суспендираните честички со големина од десет микрометри (PM 10) и тоа во текот на летните месеци кога се работи со полн капацитет и Извештајот од извршеното мерење да го достави до Надлежниот орган.

| **Табела6.1.2: Граници на емисиите во воздухот** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија** | | | | **Фрекфенција на мониторинг** |
| | B1 | | B2 | | |
| | До (датум) | Од (датум) | До (датум) | Од (датум) | |
| | Вредност | Вредност | Вредност | Вредност | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

6.1.11 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата,

6.1.12 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.13 Емисиите не треба да соджат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се преземат да се минимизира емисијата.

### 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема да има емисии во почвата

6.2.2 Операторот ќе извести за секоја непредвидена емисија во почва.

6.2.3 Операторот во рок од 90 дена од денот на добивањето на оваа дозвола ќе го уреди стопанскиот двор на инсталацијата и ќе ги отстрани сите стари и неупотребливи делови од механизацијата и други активности во посебен простор за таа намена.

6.2.4 Операторот е должен уредениот двор да го одржува чист, нема да се дозволи растурање на инертен отпад од рушење, поправки и слични активности.

6.2.5 Во рамки на инсталацијата операторот нема да врши сервисирање на возила и машини.

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1: Точки на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија.** | **Извор** | **Количество** |
| Не е апликативно | | |

6.3.2 Границите за емисиите во вода за параметарот(ите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3 Временските периоди од 6.3.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.3.4 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.2: Граници на емисија во вода** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | | Точка на емисија | | Фрекфенција на мониторинг |
| | До (датум) | Од (датум) | До (датум) | Од (датум) | |
| | Вредност | Вредност | Вредност | Вредност | |
| Не а апликативно | | | | | |

6.3.5 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која сустанција пропишана за водаза која нема дадено граници во Табела 6.3.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.6 Операторот ќе зема примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот (наведи) со фрекфенција.

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.4.1: Точки на емисија во канализација** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точката на емисија** | **Извор** | **Канализација** |
| Не е апликативно | | |

6.4.2 Границите на емисиите во канализација за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3 Временските периоди од 6.4.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 8 од оваа дозвола.

| **Табела 6.3.2: Граници на емисија во канализација** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | | Точка на емисија | | Фрекфенција на мониторинг |
| | До (датум) | Од (датум) | До (датум) | Од (датум) | |
| | Вредност | Вредност | Вредност | Вредност | |
| Не а апликативно | | | | | |

6.4.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.4.3 а и Табела 6.4.3 б, на точките на емисија и не поретко од наведеното во таа Табела.

6.4.5 Нема да има испитување на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

| **Табела 6.4.3 а Барања за мониторинг за канализација** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Точка на емисија** |
| Не е апликативно | | |

| **Табела 6.4.3 б Мониторинг на канализација** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Точка на емисија** |
| Не е апликативно | | |

6.4.6 Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијатаза која се издава дозволата, на било која супстанција препишана за вода за која нема дадено граници во табела 6.4.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.4.7 Отпадната фекална вода од мобилните тоалети се собира од страна на „ГРИН ТИМ" ДОО Битола. Операторот има доставено Фактура и Испратници за собирање на фекалната вода од мобилните тоалети

## 6.5 Емисии на топлина

Нема

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Операторот во границите на инсталацијата нема да создава бучава, вибрации, и нејонизирачко зрачење чие влијание би се одразило штетно на околината.

6.6.2 Граничните вредности на емисиите на бучава се пропишани согласно член 3 од Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на РМ" бр. 147/08) и тоа Ld = 70 dB, Lv = 70 dB i Ln = 60 dB.

6.6.3 Во период од две години операторот ќе врши по едно мерење на бучавата и вибрациите кога работи со полн капацитет и Извештајот од истото ќе го достави до Надлежниот орган.

## 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

Нема

## 8 Програма за подобрување

8.6.3 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

**Табела 9.1.1: Програма за подобрување**

| Ознака | Мерка | Датум на завршување |
|---|---|---|
| 8.1 | Мерење на концентацијата на суспендираните честички со големина од десет микрометри (PM 10) | По отпочнување на работните активности |
| 8.2 | Мерење на бучава | По отпочнување на работните активности |
| 8.3 | Мерење на вибрации | По отпочнување на работните активности |
| 8.4 | Распрскување на вода по површините на кои се движат возила | Континуирано, по отпочнување на работните активности |
| 8.5 | Инсталирање на систем за распрскување на водена прашина над сепарацијата и дробилката | Веднаш по отпочнување на работните активности |
| 8.6 | Рекултивација на копот со соодветни хортикултурни мерки | После секое затворање на етажот |

## 9 Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството „или како што е друго договорено написмено" се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

а) Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола и

б) Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

Додаток 1

Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

***Дел А***

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:

☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.

☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.

☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

***Дел Б***

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето илиштетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци

☐ Име ☐ Пошта.................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно 4.1.2 од оваа дозвола, се наведени подолу.

**Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот**

| Параметар | Точка на емисија | Период на давање извештаи | Почеток на периодот |
|---|---|---|---|
| Мерење на концентацијата на суспендираните честички со големина од десет микрометри (PM 10) | | Во рок од 14 дена после извршеното мерење | По отпочнување на работните активности, еднаш годишно |
| Мерење на бучава | ММ1, ММ2, ММ3, ММ4, ММ5, ММ6 | Во рок од 14 дена после извршеното мерење | По отпочнување на работните активности, на секои две години |
| Мерење на вибрации | | Во рок од 14 дена после извршеното мерење | По отпочнување на работните активности, на секои две години |